Врз основа на член 7 и 32 од Законот за преземање на акционерски друштва( Службен весник на РСМ бр. 69/13,188/13,166/14,154/15, 23/16, 248/18 и 31/20) Одборот на директори на Жито Полог АД Тетово (Целно друштво),со седиште на ул.Маршал Тито бр.134 Тетово ЕМБС 4037634 претставуван преку Претседател на Одборот на директори г-ѓа Катерина Дамјановска ,го издава следново

Друштво за производство на мелнички, пекарски и други производи и промет на мало и големо ЖИТО ПОЛОГ АД
Бр. 02-641/9
20. 08 2024 год.
Тетово

# МИСЛЕЊЕ
## ЗА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

Во врска со **ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ на Жито Полог Ад Тетово**( Целно друштво) дадена од страна на правното лице Орка Холдинг АД Скопје како Преземач , одобрена од Комисијата за хартии од вредност на РСМ со Решение бр. УП1 1 10-197 од 09.02.2024 година и објавена во дневен весник Слободен печат на ден 20.02.2024 година, која се однесува на 27596 обични акции со право на глас со ISIN број : MKZPOG101018 издадени од Жито Полог АД Тетово.

Врз основа на информациите содржани во објавениот Проспект и Понудата за преземање, како Орган на управување на целното друштво сметаме дека оваа понуда за преземање нема да резултира со намалување на деловната активност на целното друштво, а со тоа и на отпуштање на дел од вработените туку ќе доведе до имплементација на нови технологии, зголемување на продуктивноста, проширување на пазарот, зголемување на асортиманот на готови производи, што ќе придонесе не само за задржување на веќе постоечките работни места и позиции туку и ќе отвори нови можности со тоа ќе се создадат услови и за нови вработувања. Врз основа на горенаведеното сметаме дека успешното спроведување на преземањето ќе биде во корист на Друштвото, неговото работење и стратешки развој како и во корист на вработените.
Не се водени преговори во врска со Понудата за преземање помеѓу Органот на управување на целното друштво и Орка Холдинг АД Скопје како преземач.

Преземачот Орка Холдинг АД Скопје поседува во сопственост вкупно 13.990 обични акции со право на глас издадени од целното друштво , учествува во донесување стратешки одлуки на целното друштво и независно ги формира своите одлуки во врска со начинот на остварување на правото на глас од акциите кои ги поседува.

Членовите на Одборот на директори Сашо Босилков, Катерина Дамјановска и Стојна Маџарева не поседуваат акции издадени од целното друштво.

Последните ревидирани финансиски извештаи на Жито Полог АД Тетово се однесуваат на периодот кој завршува на 31.12.2022 г. Ревизијата беше извршена од страна на Расел Бедфорд Атанасовски ДОО Скопје.Со постапката за ревизија утврдена е вкупна актива од 677.660.470 денари,додека вкупните обврски се утврдени во висина од 205.940.003 денари.

Акумулираната добивка во 2022 г.изнесува 185.510.444 денари.Книговодтвената вредност на акциите изнесува 8.402.78 денари по акција.Во 2022год остварени се вкупни приходи во износ од 415.537.147 денари и остварена е добивка после оданочување во износ од 14.940.468 денари.

**Одбор на директори**
**Претседател**
**Катерина Дамјановска**

ЖИТО ПОЛОГ АД ТЕТОВО